*АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ*

**Човечки ресурси – извештај**
**Состојба во АФПЗРР**

285 систематизирани работни места
• 221 вработени + директор и заменик-директор
- 206 вработени на неопределено време (од кои 147 лица работат на ИПАРД)
- 15 вработени на определено време ( 5 лица во ИПАРД),
1 лице во сектор за регистри, 2 - сектор за финансиски прашања, 1- сектор за ИТ и 1 - сектор за контрола на терен и 10 лица кои работат на националните програми)
- 3 лица ангажирани со договор на дело ( за спроведување на националните програми)
• 147 работат на ИПАРД Програмата 2021-2027
- 142 вработени на неопределено време
- 5 вработени на определено време

Тековни постапки за вработување

• Постапка за нови вработувања – Постапка во тек за вработување на 13 (тринаесет) лица, 1 (еден) помлад референт, 2 (два) Самостојни референтни, 9 (девет) помлади соработници, 1 (еден) раководител на одделение на јавен оглас на неопределено време за наведените работни места има објавено одлуки за вработување но поради тековните претседателски и парламентарни избори постапката е во мирување.

Организациона структура (IPARD структура):
• Сектор за одобрување на проекти – 32 административни службеници,
• Сектор за одобрување на исплати – 21 административни службеници,
• Сектор за контрола на терен – 42 административни службеници,
• Сектор за финансиски прашања – 12 административни службеници,
• Сектор за внатрешна ревизија – 5 административни службеници,
• Сектор за општи и правни работи – 11 административни службеници,
• Сектор за регистри – 12 административни службеници,
• Сектор за аналитика и поддршка на работата на директорот – 3 административни службеници
• Сектор за ИТ- 6 административни службеници
• Одделение за управување со човечки ресурси – 3 административни службеници

Мотивација на вработените:
Почнувајќи од Јануари, 2024 година на сите вработените кои работат во АФПЗРР им се исплаќа додаток од 15% на основната плата.

**Статус со акредитација на мерката рурална јавна инфраструктура**

Во однос на акредитацијата на мерката рурална јавна инфраструктура договорени се следните активности со Националниот фонд и Телото за управување:
- реализација на потребните вработувања за реализација на оваа мерка до јули, 2019 година,
- реализација на основни обуки за оваа мерка (ПРАГ, измами/неправилности итн.) во периодот до септември, 2019 година (во зависност од расположливи стручни лица и средства преку TAIEX инструментот), и

- усогласување на постапките за работа за спроведување на мерката за рурална јавна инфраструктура со забелешките на Генералниот директорат за земјоделство и рурален развој на Европската комисија до 15.09.2019 година.

**Финансиски податоци поврзани со спроведувањето на ИПАРД програмата;**

**Статус во однос на имплементацијата на акредитираните мерки 1, 3 и 7**

АФПЗРР го објави првиот јавен повик од ИПАРД 2021-2027 програмскиот период за мерките 1 и 7 на 01.09.2023 и беше отворен до 30.10.2023. Мерката 3 не беше вклучена во овој повик бидејќи Агенцијата објави повик за оваа мерка од ИПАРД 2 прогрмата на 30.09.2023.

Вкупниот број на пристигнати апликации, како и пресек на вкупната побарана сума за финансискча поддршка се претставени во табелата подолу.

Агенцијата започна со обработка на барањата веднаш со нивното пристигнување во Агенцијата.

Јавен повик 01/2023 (Евра)

| **Мерка** | **Сектор** | **Вкупен број на примени апликации** | **Вкупно побарана сума (EU+NKF)** | **Бр. на одбиени апликации** | **Бр. на склучени договори** | **Вкупна јавна поддршка на склучените договори** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M1 | 01 | 831 | 39,571,352.40 | 378 | 285 | 9,264,391.83 |
| M1 | 02 | 50 | 8,862,395.91 | 26 | 13 | 3,261,555.39 |
| M1 | 03 | 3 | 62,741.05 | 2 | 0 | 0.00 |
| M1 | 04 | 17 | 3,108,396.89 | 5 | 5 | 963,560.45 |
| M1 | 05 | 1 | 46,740.90 | 1 | 0 | 0.00 |
| Вкупно на | 18.11.2024 | 902 | 51,651,627.14 | 412 | 303 | 13,489,507.67 |

| **Мерка** | **Сектор** | **Вкупен број на примени апликации** | **Вкупно побарана сума (EU+NKF)** | **Бр. на одбиени апликации** | **Бр. на склучени договори** | **Вкупна јавна поддршка на склучените договори** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M7 | 01 | 37 | 2,445,215.28 | 34 | 3 | 532,926.54 |
| M7 | 02 | 4 | 951,314.38 | 3 | 1 | 279,640.61 |
| M7 | 03 | 11 | 1,415,910.28 | 9 | 0 | 0.00 |
| M7 | 04 | 94 | 20,881,354.28 | 73 | 19 | 3,860,847.89 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| M7 | 05 | 3 | 247,009.14 | 3 | 0 | 0.00 |
| M7 | 06 | 23 | 2,792,191.81 | 18 | 5 | 1,639,756.62 |
| M7 | 07 | 26 | 3,633,400.23 | 21 | 4 | 390,352.25 |
| M7 | 08 | 57 | 13,742,723.09 | 39 | 12 | 3,208,298.55 |
| M7 | 09 | 2 | 169,590.45 | 2 | 0 | 0.00 |
| Total on | 18.11.2024 | 257 | 46,278,708.94 | 202 | 44 | 9,911,822.46 |

Вкупниот буџет од овој јавен повик за мерката 1 изнесува 18.893.333,33 евра додека за мерката 7 изнесува 11.400.000 евра. Во калкулацијата на буџетот беа земени и буџетите на финансиските години 2021, 2022, 2023 и 2024.
Агенцијата веднаш простапи кон административната обработка на апликациите како што беа примени. Најчесто, заради некомплетност на апликациите и неспоредливост на понудите како и заради недостаток на средства (рангирање) се одбиени 412 апликации од М1 и 202 од мерката 7.
Заради големиот број на апликации и повисоката побарана сума за финансиска поддршка од буџетот од јавниот повик, рангирање на апликациите беше применето согласно критериумите за селекција од ИПАРД 3 програмата.
Нацрт ранг листа е креирана и проверка на соодветност на апликациите на високо рангираните апликации е извршена. Веднаш по обезбедување на референтни цени за овие апликации Агенцијата започна со склучување на договори за финансиска поддршка со корисниците.

На 13.04.2024 беше објавен вториот јавен повик од ИПАРД 3 Програмата кој беше творен само за инвестиции поврзани со мерката 3. Во табелата подолу е се претставени податоците со јавниот повик:

| **Мерка** | **Сектор** | **Вкупен број на примени апликации** | **Вкупно побарана сума (EU+NKF)** | **Бр. на одбиени апликации** | Бр. на склучени договори | Вкупна јавна поддршка на склучените договори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| М3 | 01 | 4 | 299,364.76 | 1 | 0 | 0.00 |
| М3 | 02 | 11 | 1,926,495.30 | 3 | 0 | 0.00 |
| М3 | 03 | 31 | 17,439,325.87 | 2 | 0 | 0.00 |
| М3 | 04 | 14 | 2,518,890.36 | 1 | 0 | 0.00 |
| М3 | 05 | 2 | 872,081.96 | 0 | 0 | 0.00 |
| М3 | 06 | 15 | 4,594,599.99 | 1 | 0 | 0.00 |
| М3 | 07 | 2 | 145,249.03 | 0 | 0 | 0.00 |
| М3 | 08 | 2 | 343,502.33 | 0 | 0 | 0.00 |
| М3 | 09 | 35 | 4,164,674.37 | 9 | 0 | 0.00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно на: | 18.11.2024 | 116 | 32,304,183.97 | 17 | 0 | 0.00 |

Авторизација

Во периодот Март -Ноември 2024 од ИПАРД II програмата пристигнати се 40 нови барања за исплата од мерка 3 (Инвестиции во материјални средства за преработка на земјоделски и рибни производи) со вкупно барана сума од 284.372.763 денари (4.488.317,00€). Во истиот период од оваа мерка одобрени за исплата се 23 барања со вкупен износ од 1.880.065,00 €.

Во периодот Март -Ноември 2024 од ИПАРД III програмата пристигнати се 30 нови барања за исплата за мерка 1 (Инвестиции во основни средства на земјоделските стопанства) со вкупно барана сума од 47.261.011,00 денари (768.471,00 €).
Пристигнати се 3 нови барања за исплата за мерка 7 (Диверзификација на фарми и развој на бизниси) со вкупно барана сума од 5.304.241,00 денари ( 86.248,00 €).
Пристигнати се 7 Барања за аванс со вкупна барана сума од 105.577.076,00 денари (1.716,700,00 € ).
Исплатено е 1 Барање за аванс во износ од 18.860.903,00 денари (230.705,00 €)

| Мерка | Вкупно барања | Вкупно барана сума | Број на одбиени барања | Број на договори | Вкупно прифатливи трошоци | Вкупно прифатливи трошоци ЕУ дел | Број на барања за исплата | Барана сума за исплата вкупно | Барана сума за исплата ЕУ дел | Број на одобрени барања за исплата | Одобрена сума за исплата ЕУ дел | **Исплатена сума ЕУ дел** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М1 | 3251 | 56.845.115,19 € | 1182 | 1981 | 27.418.417,67 € | 20.563.813,25 € | 1848 | 25.172.856,00 € | 18.879.642,00 € | 1805 | 17.222.828,31 € | 17.217.448,00 € |
| М3 | 283 | 58.303.832,84 € | 77 | 146 | 30.716.298,07 € | 23.037.223,55 € | 173 | 33.276.885,00 € | 24.957.663,75 € | 157 | 21.102.641,16 € | 19.213.185,00 € |
| М7 | 698 | 118.933.776,95 € | 467 | 213 | 24.675.263,62 € | 18.506.447,72 € | 175 | 17.238.430,00 € | 12.928.822,50 € | 167 | 11.036.235,00 € | 11.036.132,00 € |
| М9 | 48 | - € | 16 | 25 | 395.477,00 € | 336.155,45 € | 31 | 347.931,00 € | 278.344,80 € | 29 | 277.618,00 € | 277.613,00 € |
| Вкупно | | **234.082.724,98 €** | **1742** | **2365** | **83.205.456,36 €** | **62.443.639,97 €** | **2227** | **76.036.102,00 €** | **57.044.473,05 €** | **2158** | **49.639.322,47 €** | **47.744.378,00 €** |
| | | | | | | | | | | **Вкупно** | **62.021.391,29 €** | **59.652.711,20 €** |

# Контроли на самото место (од Јуни 2024 - тековно)

## Контроли на терен – пред одобрување

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2024 година изврши вкупно 181 контроли на терен пред одобрување на проекти, кај инвестиции од јавен повик 23/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 1 и Мерка 7), како и јавен повик 24/01 од ИПАРД Програмата 2021-2027 година (Мерка 3). Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.

| | |
|---|---|
| *Јавен повик 23/01 (ИПАРД 3) (Мерка 1)* | |
| 144 КСМ | |
| *Јавен повик 23/01 (ИПАРД 3) (Мерка 7)* | |
| 13 КСМ | |
| *Јавен повик 24/01 (ИПАРД 3) (Мерка 3)* | |
| 24 КСМ | |
| Вкупен број на контроли | 181 КСМ |

## *Контрола на терен – за скриени работи*

*Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2024 година изврши вкупно 5 контроли на самото место за скриени работи кај инвестиции од јавен повик 23/01 ИПАРД програма 2021-2027 ( Мерка 7)*

| | |
|---|---|
| *Јавен повик 23/01 (ИПАРД 3) (Мерка 7)* | |
| 5 контроли за скриени работи | |
| Вкупен број на контроли | 5 КСМ |

## *Контрола на терен – пред исплата*

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2024 година изврши вкупно 42 контроли на терен пред исплата кај инвестициите од јавните повици 23/01 ( Мерка 3) од ИПАРД 2 2014-2020 и 23/01 (Мерка 1) од ИПАРД 3 Програмата 2021-2027 година.

Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по јавните повици.

| |
|---|
| *Јавен повик 23/01 (Мерка 3) ИПАРД 2 2014-2020* |
| **40** КСМ |
| *Јавен повик 23/01 (Мерка 1) ИПАРД 3 2021-2027* |

| 2 КСМ | |
|---|---|
| Вкупен број на контроли | 42 КСМ |

*Контроли на терен – после исплата*

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР во периодот од Јуни 2024 изврши вкупно 432 контроли на терен после исплата кај инвестиции од ИПАРД програмата 2014-2020.

Секторот за контрола на терен при АФПЗРР спроведе и дополнителни контроли за следење на препораки од ревизии.

Во табелата се наведени извршените контроли на терен поделени по мерки

| *Контроли после исплата (ИПАРД 2014-2020)* | |
|---|---|
| Мерка | Број на контроли по мерка |
| 1 | 362 КСМ редовни контроли<br>69 контроли од јавен повик 17/01 ИПАРД 2014-2020<br>221 контроли од јавен повик 18/02 ИПАРД 2014-2020<br>72 контроли од јавен повик 20/01 ИПАРД 2014-2020 |
| 3 | 16 КСМ редовни контроли<br>7 контроли од јавен повик 18/01 ИПАРД 2014-2020<br>4 контроли од јавен повик 19/02 ИПАРД 2014-2020<br>5 контроли од јавен повик 22/01 ИПАРД 2014-2020 |
| 7 | 54 КСМ редовни контроли<br>27 контроли од јавен повик 19/01 ИПАРД 2014-2020<br>27 контроли од јавен повик 21/01 ИПАРД 2014-2020 |
| Вкупен број на контроли | 432 КСМ |

Најчести неусогласености утврдени при извршување контроли на самото место

Како најчести неусогласености, односно разлики или наоди утврдени при контролите на самото место во периодот од  Јуни 2024 до сега се следниве:

Пред одобрување:

Не се констатирани поголеми проблеми при извршување на контролите пред одобрување – Мерка 3 јавни повик 24/01,Мерка 1 и Мерка 7 од Јавен повик 23/01.

Кај инвестициите од Мерка 1 кои предвидуваат набавка на трактор или земјоделска механизација како и инвестиции во поставување на системи за наводнување и подигање на насади, најчести неусогласености се во културите, големина на парцелите, пријава на погрешни парцели (СИЗП и КП број). Најчесто се од техничка природа и се решаваат на лице место со изјава за техничка грешка или дополнителна достава на корегирана документација (ЕРЗС, катастар и сл.) и дополнителна контрола на самото место на парцела на која при извршување на алтернативните контроли не може да се утврди дали површината пријавена е обработена или необработена.

Пред исплата:

- разлики во технички карактеристики на набавената опрема помеѓу договор, фактура и контрола на лице место и најчеста причина за овие разлики се од технички причини односно грешки направени при издавање на потребна документација за опремата од страна на добавувачот/производителот;

- отсуство на одредени податоци да бидат видно означени на самата опрема (година на производство, земја на потекло, сериски број, модел), а во одредени случаи не постоење на никакви ознаки (опрема и механизација без плочки со технички податоци - најчесто кај механизација и опрема од домашно производство);

- нефункционалност на дел или на целата опрема  (опрема која при контролата е утврдена дека не е во функционална состојба односно дека е расклопена во делови или не приклучена на електрична енергија или со одреден дефект) и во такви случаи се дава одреден рок истата да се стави во функција и повторно се врши контрола (сите корисници кај кои беше утврдена ваква состојба опремата ја ставија во функција); оваа појава е кај инвестиции од јавен повик  23/01 од ИПАРД 2 2014-2024 Мерка 3 поради краткиот рок за реализација на инвестицијата.

- оштетена механизација/опрема при работа (корисниците доставуваат писмени докази дека е извршен сервис и дека дефектот е отстранет при што опремата/механизацијата се користи без проблеми);

- опрема која треба да се користи за услужни дејности во земјоделството (Мерка 7) – сомнеж и потешкотии да се утврди дека се користи само за услужни дејности ( се користи и за сопствени потреби).

Контрола после исплата:

При извршување на овие контроли не се утврдени поголеми отстапувања. Сите корисници ја чуваат опремата/механизацијата, истата се користи согласно предвидената намена и истата е означена согласно договорот.

По наоди од ревизија од страна на НФ и Ревизорско Тело, извршени се контроли после исплата со цел да се утврди функционалност на инвестицијата или дел од инвестицијата кој што при ревизијата не бил во употреба. Вообичаено во вакви ситуации се контактираат корисниците се дава одреден период да се стави во функција инвестицијата и се излегува на лице место. Покрај утврдување на функционалноста на инвестицијата се врши регуларна контрола после исплата на целата инвестиција.